04 1

Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука
Бр. 12-3306/2
29-04-2020 Скопје

Врз основа на член 44 став (3) и став (5) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19) и Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование бр. 19-2252/1 од 05.03.2013 и бр. 20-2929/1 од 02.03.2017 година, Министерството за образование и наука донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за акредитација на здружение на наставници за организирање на натпревари за учениците од основните училишта по наставниот предмет Математика**

1. Се акредитира Сојуз на математичари на Македонија за организирање на натпревари на учениците од основните училишта по наставниот предмет Математика.
2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се врши врз основа на поднесеното Барање за акредитација од Сојуз на математичари на Македонија бр. 12-3306/1 од 27.02.2020 година.
3. Акредитацијата од точка 1 на ова решение е за период од три години.
4. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Министерството за образование и наука, на својата интернет страница објави Јавен повик за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од основните училишта бр.12-2605/1 од 13.02.2020 година, согласно кој Сојуз на математичари на Македонија поднесе барање за акредитација бр. 12-3306/1 од 27.02.2020 година.

Согласно член 44 став (3) од Законот за основното образование, Министерството за образование и наука, на предлог на Комисијата за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните училишта, врши акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните учиишта.

Комисијата за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните училишта, формирана со Решение на министерот за образование и наука бр. 18-1083/1 од 22.01.2020 година, со Записник од работата на Комисијата бр. 18-1083/5 од 13.04.2020 година, утврди дека Сојуз на математичари на Македонија, ги исполнува основните критериуми за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните училишта утврдени во член 44 став (5) од Законот за основното образование, член 5 од Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основно образование и ја има доставено потребната документација наведена во Јавниот повик.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

***Упатство за правно средство:*** Против ова решение може со тужба да се поведе управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена, сметано од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР,
D-r. Arbër Ademi

Изготвил: Горан Тодороски
Контролирал: Милка Масникоса
Одобрил: Назихтере Сулејмани